Извештај за реализација на програмата за време на мобилноста во Семора Кореиа - Португалија
од 29. 09. 2024 г. - 04. 10. 2024 г.

Во периодот од 29.09. 2024г. до 4. 10 2024г. се одржа мобилност за првиот дел од Еразмус проектот ,, Еко одговорни граѓани" во училиштето Агрупаменто де Есколас де Самора Кореиа во Португалија. На мобилноста присуствуваа по шест ученици и двајца наставници од Р. С. Македонија, Турција и Португалија, како што беше предвидено во изготвувањето на проектот.

На ден 29. 09. 2024г. во раните утрински часови тргнавме со авионски лет преку Истанбул и пристигнавме во Лисабон. Во Лисабон од аеродромот со локален патнички превоз двете делегации (од Турција и С. Македонија), се упативме кон хотелот каде што престојувавме во гратчето Семора Кореиа.

Во понеделник на 30. 09. 2024 г. од 10 до 11. 15 добредојде ни посакаа домаќините - професорот Јоао Фернандес и директорката на училиштето Луиза Карвалјо. Сите наставници вклучени во проектот имаа работен состанок во просториите на библиотеката - медиатека каде ги утврдиме деталите за програмата и ги разгледавме документите и листите за присуство за секој ден од мобилноста. Потоа следуваше меѓусебно запознавање на учениците преку активноста ,,мразокшач". Во попладневните часови се упативме во градината и учениците во парови го засадуваа семенскиот материјал и расади на растенија, зеленчук и други билки кои ги донесоа учениците домаќини. Работниот дел и активностите за овој ден завршија до 16. 30 часот. Во вечерните часови заедно наставниците и учениците во слободното време го посетија гратчето Семора Кореиа и Вила Франка каде ги разгедаа културните историски знаменитости.

Во вторник на 1. 10. 2024г. по појадокот заминавме кон Лисабон во разгледување на градините на манастирот ,, Мостеро дос Јеронимос" и тврдината Белем. Во подоцнежните часови сите заедно заминавме кон ЕКСПО 98 каде што го посетивме Океанумот (Oceanarium) каде што учениците учествуваа на работилница и квиз за глобалното затоплување и климатските промени. Во присуство на водич на учениците им беа презентирани флората и фауната кои живеат во Атланскиот океан и во сите океани во светот. Во попладневните часови го разгледавме просторот на Експо 98 и културните и историски споменици во стариот град на Лисабон. Сите заедно се вративме во хотелот и разговаравме за импресиите од дневните активности. Учениците беа полни со позитивни впечатоци и научија многу за еко - културното наследство на Португалија.

Во среда наутро на 2. 10. 2024г. се сретнавме во училиштето и оттаму појдовме кон разгледување на лозјата и лозовите насади во областа Лезириас, каде под водство на стручен водич учениците заедно учествуваа на работилница за видови на лозја и маслинови насади. Беа презентирани видовите и начините на добивање на маслиново масло и вино.

Во продолжение се запознавме со Тито Алба ранчот каде што добивме сознанија за улогата на бувот во процесот на заштита на виновите насади и го следевме процесот на добивање на

органско вино и маслиново масло. Потоа се упативме кон пченкарните полиња и шумата на Корк дабот од кои се изработуваат најквалитетните тапи/плута во светот. Водичот ни го презентираше биодиверзитетот во боровата и дабовата шума.Посетата продолжи со разгледување на Шарнека Центарот за одгледување на сортата Луситано коњи и учениците учествуваа во работилница со презентирање на филмови за одржување на еко-системот и видовите на растенија и животни кои опстојуваат со векови на овие простори. Потоа заминавме во разгледување на оризовите полиња и осознавме како расте оризит покрај реката Тежо. Подоцна заминавме во посета на EVOA(опсерваторија за набљудување птици) и местата каде што живеат преку 30 видови на птици. Во 17 часот се вративме во училиштето каде учениците дискутираа што ново виделе и научиле тој ден.

Во четврток на 3.10.2024 со автобус сите учесници(наставници и ученици)заминавме во посета на плажата во областа Каскаиш каде што имавме организиран пикник за разменување на искуства и запознавање со океанот. На пикникот презентиравме производи од секоја земја кои потоа учениците си ги разменија. Подоцна заминавме во историското гратче Синтра, каде ги разгледавме културно-историските споменици и природни богатства на оваа област. Во слободното време во рамките на вечерата учениците имаа можност да се запознаат со традиционалната португалска музика - Фадо.

Во петок на 4.10.2024 имавме состанок во училиштето а потоа на учениците им беа доделени сетификатите за присуство во првиот дел од проектот ,,Еко-одговорни граѓани". Сите учесници пополнија евалуациони листи за првиот дел од мобилноста ,, Засади ја својата иднина" Сите учесници ги пополнуваа секој ден листите за присуство. Во рамките на предвиденото сите цели на проектот беа реализирани со соодветно замислени активности за засадување на градина, заштита на природата и еко системот и неговото значење за здравјето на луѓето.

Во вечерните часови на 4. 10. 2024г. со авионски лет преку Истанбул се вративме од Лисабон во Скопје.

Заклучок:

Мобилноста во Португалија беше успешна и учениците и родителите беа задоволни од можностите нивните деца да се запознаат со друга природна средина и култура и да ја презентираат својата на најдобар можен начин.

Закажана е дисеминација за сите наставници во училиштето за третата недела од Октомври 2024г.

Билјана Шотаровска

Одговирен наставник